Бр.02-351

Скопје 27.12.2021 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/21 и 77/21), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и Известувањето за потреба од запирање на постапката Уп1 бр.02-351 од 17.12.2021 година, а согласно Заклучокот, бр.02-4602/12 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за запирање на поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија

1. СЕ ЗАПИРА постапката поведена по службена должност од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Одлука Уп1 бр.02-351 од 25.08.2021 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.
2. Решението е конечно.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), на 23-та седница одржана на 24.08.2021 година, донесе Одлука Уп1 бр.02-351 од 25.08.2021 година, со која се поведе постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, кај Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ НОВА ДОО Гевгелија, поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Џундов, кое е сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Согласно цитираната Одлука, на радиодифузерот му беше наложено во рок 90 дена од денот на приемот на одлуката, да ја отстрани недозволената медиумска концентрација и да ја усогласи сопственичката структура со одредбите од ЗААВМУ. Рокот за отстранување на недозволената медиумска концентрација и усогласување на сопственичката структура со одредбите од ЗААВМУ истече на 24.11.2021 година.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Во меѓувреме, на 34-та седница одржана на 26.11.2021 година, Советот на Агенцијата донесе Одлука Уп1 бр.08-424 од 26.11.2021 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

За наведеното, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права на 17.12.2021 година до директорот на Агенцијата беше доставено Известување Уп1 бр.02-351 од 17.12.2021 година, дека имајќи го предвид фактот што ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија повеќе не е имател на дозвола, беспредметно е секое понатамошно постапување во врска со претходно утврденото постоење на недозволена медиумска концентрација кај овој радиодифузер и потребно е да се запрат сите активности во врска со ова прашање.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/21 и 77/21), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и Известувањето за потреба од запирање на постапката Уп1 бр.02-351 од 17.12.2021 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-4602/12 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, донесе решение како во диспозитивот.

Решението е конечно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Управителот на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.